ПРОЕКТНА ДОКУМЕНТАЦИЈА

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Со изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 – згради за времено сместување со апартмани и студија, КО Елшани**, **Општина Охрид**, се прави препарцелација на три градежни парцели, во една градежна парцела. Предвидениот концепт се надоврзува на постојната состојба, реалните потреби на крајните корисници и програмските проекции зададени од Општина Охрид.

Општ метод на работа при изработка на локалната урбанистичка планска документација претставува почитување и примена на низа норми и определби кои се последица на научни сознанија во областа на планирањето и урбанизмот, степенот на економско-општественио развој на локалитетот, како и сознанија за неговиот иден развој.

Во согласност со член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/20, 111/23) се изработува Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план.

Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план се изработува врз основа на Проектна програма, што се состои од текстуален и од графички дел, со која се утврдуваат опис на проектниот опфат, проектните барања за градбите во рамките на проектниот опфат.

Проектната програма за Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички проект за градежна парцела ГП1 со намена **А4.1 – згради за времено сместување со апартмани и студија**, КО Елшани, Општина Охрид, се изработува во согласност со член 58 став (6) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/20, 111/23) и оформена со содржина уредена во член 60 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Проектната програма за Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 – згради за времено сместување со апартмани и студија, КО Елшани, Општина Охрид е изработена од правно лице со лиценца за изработување на урбанистички планови **ИН-ПУМА Скопје**,во согласност со член 61 став (1) од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“, број 32/20, 111/23).

Член 77, став (1) од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) кој гласи: Номенклатура и групирање во системот на класи на намени е уреден во следната класификација на намени што ги содржи сите групи на класи на намени, класи на намени и поединечни намени, како и нивните ознаки.

*Класа на намена во Урбанистичкиот проект е:

- А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија

1.1. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Предмет на разработка представува опфатот на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија, КО Елшани, Општина Охрид.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 - згради за времено сместување со апартмани и студија, КО Елшани, Општина Охрид

Просторот дефиниран за изработка на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија, се наоѓа во КО Елшани, во средишниот дел на територијата на Општина Охрид.

Границата на планскиот опфат на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија, КО Елшани, Општина Охрид, зафаќа површина од 0.1878 ха, и може да се опише и преку координатите на секоја прекршна точка, како што следи:

Површина: 1878.1293 m2
Периметар: 189.2202 m

	X	Y
T1	4542838.7900	7484488.8600
T2	4542866.1800	7484489.8800
T3	4542869.9400	7484487.2200
T4	4542867.1900	7484480.2100
T5	4542867.2600	7484471.6900
T6	4542868.0400	7484467.1200
T7	4542867.0100	7484456.7000
T8	4542861.5300	7484450.1500
T9	4542851.3300	7484438.8400
T10	4542847.7300	7484436.0600
T11	4542838.1100	7484431.2500
T12	4542834.3000	7484432.7900
T13	4542830.0500	7484441.4500
T14	4542830.3700	7484453.3700
T15	4542827.3200	7484468.7000
T16	4542828.3100	484474.9800
T17	4542833.7500	7484483.6200
T18	4542824.7400	7484494.3500
T19	4542838.7900	7484488.8600

1.2. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Постојната состојба на предметната локација е неизградено земјиште на кое е потребно да се постават објекти со намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија. Потребно е со Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план да се оформи една градежна парцела (од постојни 3) и површини за градби оформени со градежна линија и со зададена максимална катност и висини во метри со потребната намена.

Во рамки на локацијата да се дефинира внатрешната сообраќајна мрежа, стационарниот сообраќај, водовите на инфраструктурата.

Изработувањето и донесувањето на Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија да биде во согласност со Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на

РМ“, број 32/20, 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), Закон за управување со светското природно и културно наследство во Охридскиот регион (Сл.Весник на РСМ бр.75/2010) и Планот за управување со Светското културно и природно наследство на Охридскиот регион донесен со одлука на Влада на 21.01.2020г. објавен во Службен весник бр. 45/20 од 18.02.2020г, Закон за урбано зеленило (Службен Весник на Република Македонија број 11/18 и 42/20), Закон за безбедност во сообраќај (Сл.Весник број 169/15, 226/15, 55/16 и 11/18) Законот за животна средина (Сл. весник на РМ, бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08,83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14,44/15, 129/15, 192/15, 39/16,), Закон за заштита на природата (Сл. весник на РМ, бр. 67/04, 14/06, 84/07,35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16 и 63/16), Закон за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ, бр. 20/04,115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15,192/15 ,39/16 и 11/18), Законот за заштита и спасување (Сл.в.на РМ бр. број 93/12 – пречистен текст, 41/14, 129/15, 106/16 и 243/18) како и одредбите на Конвенцијата на УНЕСКО и документите донесени од органите на оваа Организација.

Планирањето на новите површина за градба, висините на градбата, процентот на изграденост, коефициентот на искористеност, одредување на минимален процент (на ниво на градежна парцела) на зелениот фонд со уредување на просторот околу градбите, одредувањето на потребен број места за паркирање, како и другите урбанистички параметри за градежните парцели, да бидат во согласност со важечките стандарди и нормативи за урбанистичко планирање согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), но одредени според специфичноста на основната класа на намена.

При изработувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија, КО Елшани, Општина Охрид да се почитуваат сите податоци, информации и мислења добиени од органите на државната управа и другите субјекти.

Со реализација на оваа Планска документација ќе дојде до развој на повеќе дејности, кои ќе допринесат за економски ефекти во овој регион, а исто така ќе дојде до активирање и на останатите дејности непосредно поврзани со изработката и ефектуирањето на урбанистички решенија и тоа проектирањето, градежништвото, комуналните дејности, трговијата , сообраќајот, занаетчиството, јавните функции и др. Многу важен фактор при изработка на Урбанистичката документација е согледување на можноста за финансирање за реализација на планската документација, како и исплатливпоста на инвеститорот во истиот. При донесување на одлуката за изработка на оваа планска документација, токму овој фактор беше и пресуден. Самата заинтересираност на потенцијалниот инвеститор зборува за исплатливоста на изработката на оваа планска документација.

Поради ова проектниот развој треба да се насочи кон економско издржано решение во областа на сообраќајот, инфраструктурата и намената на просторот и системот на градба.

1.3. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

Во рамки на локацијата да се дефинира внатрешната сообраќајна мрежа, стационарниот сообраќај, водовите на инфраструктурата.

При изготвувањето на Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија, КО Елшани, Општина Охрид, во однос на пристапот до локацијата и постојната сообраќајна мрежа, да се провери нејзината функционалност и состојба.

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Земјиштето на предметниот простор со површина од 0.1878ха е неизградено земјиште.

БРОЈ НА КАТАСТАРСКА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА	КАТНОСТ	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ВИД НА КОНСТРУКЦИЈА	КЛАСА НА НАМЕНА	ЗАБЕЛЕШКА
1189	1424 m2	0.00 m2	/	0.00m2	0.0%	0.00	/	Н3	
1190	213 m2	0.00 m2	/	0.00m2	0.0%	0.00	/	Н3	
1191	242 m2	0.00 m2	/	0.00m2	0.0%	0.00	/	Н3	
Вкупно:	1878 m2	0.00 m2	/	0.00m2	0.0%	0.00	/	Н3	

Во планскиот опфат присутна е електроинфраструктура во сопственост **на ЕВН Електродистрибуција**. Во постојната состојба, во рамки на планскиот опфат или во непосредна околина немаат податоци за изведена трафостаница. Во рамки на опфатот има изведена надземена мрежа 10(20)kV и столб за истата, означена со полна плава линија за коишто имаме добиено информации од **ЕВН со бр.10-26/7-155 од 01.06.2022**.

Согласно допис од **АД Мепсо**, **број 11-3434/1 од 13.06.2022**, предметниот плански опфат не се пресекува со ЕЕ објекти во нивна сопственост.

Согласно допис од **Агенција за електронски комуникации (АЕК)**, **број 1404-1717/2 од 07.06.2022**, во предметниот плански опфат нема изградени јавни изградени електронски комуникациски мрежи и системи.

Согласно допис од **Македонски Телеком АД Скопје**, **број 43535 од 06.06.2022**, во границите на предметниот плански опфат нема постојна МКТ инфраструктура.

Согласно допис од **НЕР АД Скопје**, **број 15-1946/2 од 06.06.2022**, во предметниот плански опфат нема изградено и не е планирана изградба на гасоводна мрежа.

Согласно допис од **Јавно претпријатие за државни патишта (ЈПДП)**, **број 10-5501/2 од 06.06.2022**, предметниот плански опфат не граничи со државен пат кој е во надлежност на претпријатието.

Согласно допис од **ЈП Водовод – Охрид**, **број 09-904/1**, доставена е ситуација со внесена постоечка водоводна инсталација, ПЕ црево со Ø2“, со длабочина од околу 50см, додека пак приклучоците се на помала длабочина. Тука завршува водоводната линија во сопственост на ЈП Водовод – Охрид и истата се наоѓа на крајна висина до која што пумпа вода нашата препумпна станица Елшани. Објектите кои што се приклучени во овој дел немаат редовно водоснабдување, односно на предвидениот плански опфат не е гарантирано редовно водоснабдување и за истите потребно е издржливо хидротехничко решение.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ ВО КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ПОСТАВУВААТ ПОВЕЌЕ ГРАДБИ

3.1. ДЕЈНОСТИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОДВИВААТ ВО ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

Согласно програмските проекции на Општина Охрид и изработената Проектна програма, со овој Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план се планираат следните основни класи на намени:

- А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)

Површината на проектниот опфат е неизградено земјиште, во чии рамки се планира 1 градежна парцела, со намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија.

3.2. ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

Пристапот до градежната парцела е преку некатегоризиран пат со променлив профил.

Собраќајот внатрешно е решен со внатрешна улица. Околу планираните објекти има и пешачки патеки.

Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежната парцела ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела со почитување на потребен број паркинг места, како основен услов за изградба до максимално дозволената висина и површина за градба согласно член 134 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

3.3. ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ СО ХОРТИКУЛТУРА

Под урбано зеленило во смисла на овој закон се подразбираат зелените површини во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичко-планска документација, регулацски план на генерален урбанистички план, архитектонско-урбанистички проект, како и зелените површини во непосредна близина на градот, надвор од планскиот опфат, кои со посебен акт се дадени во надлежност на општините со седиште во градот, како парк-шуми, спортско-рекреативни центри и друго. („Службен весник на Република Македонија", број 11/18, Закон за урбано зеленило, член 1, став 2)

Во рамки на градежната парцела, согласно член 20, став 1, од Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија", број 11/18), при изработка на сите планови и проекти од членот 1, став 2, треба да се обезбеди најмалку 20% зеленило на секоја градежна парцела. Следствено на тоа, во рамки на планскиот опфат, во Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1, со намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија, потребно е да се обезбеди минимум 20% зеленило.

3.4. ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ

Во проекниот опфат присутна е електроинфраструктура во сопственост **на ЕВН Електродистрибуција**. Во постојната состојба, во рамки на планскиот опфат или во непосредна околина немаат податоци за изведена трафостаница. Во рамки на опфатот има изведена надземена мрежа 10(20)kV и столб за истата, означена со полна плава линија за коишто имаме добиено информации од **ЕВН со бр.10-26/7-155 од 01.06.2022**.

Согласно со горенаведеното потребна е дислокација на постојната надземна мрежа со напон 10(20)kV и ширина на заштитен појас од 10м, односно 20м. Според новата проектна документација, постојниот вод е дислоциран надвор од проектниот опфат, во поземен кабелски вод 1(20)kV и ширина на заштитен појас од 1м, односно 2м.

Согласно допис од **ЈП Водовод – Охрид**, **број 09-904/1**, доставена е ситуација со внесена постоечка водоводна инсталација, ПЕ црево со Ø2“, со длабочина од околу 50см, додека пак приклучоците се на помала длабочина. Тука завршува водоводната линија во сопственост на ЈП Водовод – Охрид и истата се наоѓа на крајна висина до која што пумпа вода нашата препумпна станица Елшани.

Согласно горенаведеното, во новата проектна документација планиран е приклучок од проектниот опфат до постојната водоводна инсталација со ПЕ црево со Ø2“. Доколку истото не е возможно потребна е изработка на хидротехничко решение, односно изведба на бунар во предметниот опфат за редовно водосабдување.

Бидејќи не постојат податоци за постоечка фекална инфраструктура, потребна е изведба на септичка јама.

4. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРЕПАРЦЕЛАЦИЈАТА

За предметната локација нема предходно изработена планска документација. Сите активности во просторот треба да се усогласат со насоките на Просторниот план на државата и Просторниот план на Охридско-Преспанскиот регион, како негова разработка, особено значителните и оние кои се однесуваат на планирањето и изградбата. Планската документација за урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела за ГП1 во КО Елшани, треба да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање и Правилникот за урбанистичко планирање.

Во урбанистичкиот план вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 во КО Елшани, се формира една градежна парцела, со основна класа на намена:

- **А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија** согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23),

Се формира 1 градежна парцела.

1. Градежна парцела 1
   - да се формира градежна парцела ГП 1, со површина на градежна парцела 1878 м2 и две површини за градба, со максимално дозволена површина од – 703 м2, катност – П+1 и П+3, максимална висина со венец – 6.94м и 13.06м.

Во рамките на градежната парцела треба да се предвиди и паркинг простор („Службен весник на РСМ", 225/20, член 134, став 1), зеленило (мин. 20%), определување на диспозицијата и формата на површините за градење, со обезбедување на растојанија на површините за градење до границите на градежната пацела не поголема од 3м („Службен весник на РСМ", 225/20, член 107, став 2), огранизацијата на внатрешниот сообраќај и инфраструктурите во проектниот опфат.

5. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

4.1 Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на планот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе уследи по стапување во сила на деталниот урбанистичкиот план.

4.2 Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

4.3 Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на градежните парцели поединечно.

4.4 Во планскиот опфат има 1 градежна парцела.

4.5 Со овој урбанистички проект вон опфат на урбанистички план главна цел е формирање на една градежна парцела ГП 1. Со урбанистичкиот проект одредени се:
- регулациони линии
- граници на градежни парцели
- површини за градење

- намена на земјиштето и градбите

4.6 Во Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1, КО Елшани, Општина Охрид предвидени се следните класи на намени:

- **А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија**

4.7 Урбанистичкиот проект вон опфат на урбанистички план треба да овозможи сообраќајно поврзување до секоја градежна парцела. Сообраќајниот пристап до парцелата е преку некатегоризиран пат.

4.8 Во однос на решавањето на проблемот на стационарниот сообраќај потребите за паркирање за градежните парцели ќе се решаваат во рамките на сопствената парцела, со почитување на потребниот број паркинг места согласно Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

4.9 Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.
Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.
Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

4.10 Паркирањето е во рамките на градежна парцела. Потребниот број на паркинг места за секоја градба е според нејзината намена или големина, т.е. ќе се одреди спрема класата на намена, а пропишана со Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

4.11 Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

4.12 При диспозиција на површините за градење се применуваат одредбите од Член 107 од Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

4.13 Комуналниот отпад - сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во рамките на планскиот опфат, од каде ѓубрето ќе се евакуира во регионалната депонија.

4.14 Доколку при реализација на урбанистичкот проект вон опфат на урбанистички план се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите од Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 32/20, 111/23).

4.15 Забранети активности во заштитената зона III-д (Службен весник на РСМ, број 45/20, План за управување со Светското природно и културно наследство на Охридскиот Регион (2020-2029)):

- интензивно земјоделско производство со прекумернаупотреба на пестициди/ѓубриво кои загадуваат,
- изградба на објекти повисоки од П+3 ката и поголем процент на изграденост од 40%,

- реконстукција на легално изградени станбени објекти во постојниот габарит,
- други активности што може да го нарушат пределот и да ја загрозат исклучителната вредност.

За сѐ што не е регулирано со овие параметри, се применуваат стандардите и нормативите утврдени во Правилникот за урбанистичко планирање (Службен весник на Република Македонија, број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ИЗГРАДБА, РАЗВОЈ И КОРИСТЕЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И ГРАДБИТЕ ЗА СЕКОЈА УРБАНИСТИЧКА ЕДИНИЦА ЗА ПЛАНИРАЊЕ

КЛАСА НА НАМЕНИ:

Во опфатот се планира градежна парцела со површини за градење со следните основни класи на намени:

- **А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија**

Во рамките на планскиот опфат дефинирана е 1 градежна парцела.

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 1

Основна класа на намена: А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија

Во рамки на градежната парцела планирани се две површини за градба со основна класа на намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија.

За сите наменски зони со основна класа на намена **А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија**, одредени се следниве компатибилни класи на намена: Б1 и Д3 со максимално дозволено учество од 30% од основната намена.

Висина на венец: 6.94м и 13.06м

Број на катови: П+1 и П+3

Пристап: од Некатегоризиран пат

Паркирање: Паркирањето да се реши во рамки на сопствена парцела.Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Зеленило: Процентот на озеленетост во рамките на градежната парцела, потребно е да изнесува минимум 20%.

6. МЕРКИ ЗАШТИТА

Законската регулатива со која се регулира заштитата на животната средина, релевантна за изработка на **Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 – Згради за времено сместување со апартмани и студија, КО Елшани, Општина Охрид**, е следната:

- Закон за животната средина (Службен весник на Република Македонија, 6рој 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 89/22);
- Закон за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, 6рој 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21);
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на Република Македонија" број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21);
- Закон за управување со отпадот (Службен весник на Република Македонија, 6рој 39/16 и 63/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 216/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на Република Македонија, 6рој 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15) и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21);
- Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21);
- Закон за водите („Службен весник на Република Македонија" број 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21);
- Уредбата за класификација на површинските води („Службен весник на Република Македонија" број 99/16 и 246/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 276/19 и 256/21);
- Уредба за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води (Службен весник на Република Македонија, број 18/99 и 71/99);
- Уредба за спроведување определување на проектите и за критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанијата врз животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 74/05, 109/09, 164/12 и 202/16);
- Правилник за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ" бр.225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

6.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Се препорачува да се следи и контролира присуството на загадувачки материи во воздухот со цел да се одржи квалитетот на воздухот во граници на дозволените нивоа на емисии. Зелените површини во планскиот опфат да се уредат со автохтони видови со висок биоакумулативен капацитет за евентуално присутните загадувачки материи во воздухот и почвата.

Мерките за избегнување, спречување или намалување на штетните ефекти од загадување на амбиентниот воздух, врз човековото здравје, како и за животната средина како целина, преку утврдување на граничните вредности за квалитетот на амбиентниот воздух, се предмет на уредување на Закон за квалитет на амбиентниот воздух („Службен весник на

Република Македонија“ број 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 59/12, 163/13, 10/15 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21).

Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на емисии на загадувачки супстанции во амбиенталниот воздух кои се опфатени со државната и/или со локалните мрежи, согласно со овој закон се должни да:

1. Инсталираат и да одржуваат во исправна состојба мерни инструменти за следење на емисиите на местото на изворот и
2. Обезбедат редовно следење, мерење и обработка на податоците на емисиите од изворот на загадувањето и за тоа да водат дневник.

Мониторингот на квалитетот на амбиентниот воздух и изворите на емисии од определени поединечни стационарни извори:

1. Правните и физичките лица сопственици, односно корисници на определени инсталации кои се извор на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух, а кои не се опфатени во државата и/или локалните мрежи за мониторинг, се должни да изградат систем за следење на изворот на емисии и контрола на квалитетот на амбиентниот воздух во реонот на објектот.

2. Лицата од ставот (1) на овој член следењето и мерењето можат да го вршат преку сопствени служби или преку научни и стручни организации или други правни лица, доколку се акредитирани за вршење на мониторинг на квалитетот на амбиентниот воздух, во согласност со овој закон и друг закон.

За утврдување на степенот на загаденост на амбиентниот воздух, изворите на загадување, како и нивното штетно влијание врз квалитетот на воздухот, се установува Катастарот на загадувачи на воздухот.

Потребно е да се изврши озеленување на просторите околу објектите во рамките на секоја градежна парцела поодделно, со што ќе се изврши подобрување на микроклимата во локалитетот.

6.1.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КВАЛИТЕТОТ НА ПОЧВАТА

Контаминацијата на почвата со тешки метали, предизвикана од антропогените активности зазема доминантно место во урбанизираниот дел на општината. Контаминацијата на почвата со природно потекло е далеку послабо застапена и има минорно квантитативно значење.

Традиционалните метода за третман на контаминираните локалитети со тешки метали (измивање на контаминентите, нивна солидификација и друго) може да бидат направени in-situ, на самата локација, или ex-situ, преку отстранување на почвата и спроведување на третманот на друга локација.

Фиторемедијацијата е најповолна метода за отстранување, деградација или апсорбција на тешките метали во почвата преку правилен избор на растенија, хиперакумулатори, на контаминираната површина. Најпременувани механизми за фиторемедијација се ризофилтрација, фитоекстракција и фитостабилизација.

6.1.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Во планскиот период треба да се стават во функција мерни места за следење на бучавата. Како краткорочен приоритет треба да се постави изработката на Програма за работа на државната односно локалните мрежи за мониторинг на бучавата.

Урбанистички проект вон опфат на урбанистички план за градежна парцела ГП1 со намена А4.1 - згради за времено сместување со апартмани и студија, КО Елшани, Општина Охрид

Во рамки на планскиот опфат не се планира голема фреквенција на возила кои би биле извор на прекумерна бучава.

6.1.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА И БИОЛОШКА РАЗНОВИДНОСТ

Со Законот за заштита на природата Закон за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, 6број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16 и 113/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 151/21) предвидено е да се преземаат и мерки за заштита на природата и биолошката разновидност.

Согласно Член 47 од овој Закон предвидено е заштитата на екосистемите и живеалиштата да се остварува преку спроведување на мерки и активности за заштита на природата, одржливото користење на природните богатства и планирањето и уредувањето на просторот. Надлежниот орган за вршење на стручни работи од областа на заштитата на природата ја следи состојбата со загрозените и значајните живеалишта во екосистемите согласно со одредбите на овој закон.

Согласно Законот за заштита на природата предвидени се и Мерки за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност, Член 50.

(1) Мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност ги пропишува министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштитата на природата по претходно прибавено мислење од министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на земјоделството, шумарството, ловството и рибарството.

(2) Мерките за зачувување на типовите живеалишта во поволна состојба на зачуваност се вклучуваат во изработката на просторните и урбанистичките планови.

(3) Физичките и правните лица кои вршат дејности на подрачјето на распространување на типовите живеалишта се должни да ги спроведуваат пропишаните мерки од ставот (1) на овој член.

6.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за одбрана (Службен весник на Република Македонија, број 42/01, 5/03,58/06, 110/08, 51/11, 151/11, 251/15, Службен весник на Република Северна Македонија, број 42/20), Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија, број 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Врз основа на Член 29 од Закон за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија“ број 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ број 215/21), мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1. при планирањето и уредувањето на просторот и населбите,

2. во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и

3. при изградба на објекти и инфраструктура. Начинот на применувањето на мерките за

заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием, Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1. изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства;
2. регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи;
3. изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините;
4. обезбедување на противпожарни пречки;
5. изградба на објекти за заштита и
6. изградба на потребната инфраструктура.

